Врз основа на член 18 став 1 алинеја 3 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 41 став 6 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 3 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, одлучувајќи по Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговското Радиодифузно друштво за радиоактивности РАДИО ЗОРА ДООЕЛ Делчево (Уп1 бр.02-159 од 23.03.2021 година), согласно Заклучокот на Советот арх.бр.02-1589/7 од 12.04.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 10-та седница одржана на 12.04.2021 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. СЕ ДОЗВОЛУВА промена во сопственичката структура на Трговското Радиодифузно друштво за радиоактивности РАДИО ЗОРА ДООЕЛ Делчево и тоа:

- за истапување на физичкото лице Лидија Антовска, со ЕМБГ [redacted] и адреса на [redacted], и

- за пристапување на физичкото лице, Сунчица Маринкова-Сосиева, со ЕМБГ [redacted] и адреса на [redacted].

2. Се задолжува Трговското Радиодифузно друштво за радиоактивности РАДИО ЗОРА ДООЕЛ Делчево, по извршената промена наведена во точка 1 на оваа Одлука, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Трговското Радиодифузно друштво за радиоактивности РАДИО ЗОРА ДООЕЛ Делчево, согласно член 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура („Службен весник на Република Македонија“ бр.171/14), со Известување за промена на сопственичка структура (Уп1 бр.02-159 од 23.03.2021 година), ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за неговата намера да спроведе промена на сопственичката структура на Трговското Радиодифузно друштво за радиоактивности РАДИО ЗОРА ДООЕЛ Делчево.

Доставеното Известување за промена на сопственичка структура (Уп1 бр.02-159 од 23.03.2021 година) од страна на Трговското Радиодифузно друштво за радиоактивности РАДИО ЗОРА ДООЕЛ Делчево, се утврди дека е комплетно и уредно, односно ги содржи сите податоци и документи утврдени во Правилникот за формата и содржината на известувањто за промена на сопственичка структура. По извршената промена на сопственичка структура, единствен сопственик на Трговското Радиодифузно друштво за радиоактивности РАДИО ЗОРА ДООЕЛ Делчево ќе биде физичкото лице Сунчица Маринкова-Сосиева, со ЕМБГ [redacted] и адреса на [redacted], [redacted].

---

[1]Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.248/18).

Со оглед дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги констатираше дека со спроведувањето на промената на сопственичката структура на Трговското Радиодифузно друштво за радиоактивности РАДИО ЗОРА ДООЕЛ Делчево не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 и 38 од истиот Закон, по поднесеното Известување за промена на сопственичката структура (Уп1 бр.02-159 од 23.03.2021 година), Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр.02-159**
**13.04.2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ, с.р.**

**Правна поука**: Против оваа одлука радиодифузерот, доколку не е задоволен од истата, има право во рок од 30 дена од денот на доставувањето на одлуката да поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежниот суд.